АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.661/18-1
11.07.2018 година
Ш т и п

ДО

ВРХОВЕН СУД НА РМ
АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ
АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“ СКОПЈЕ
ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ

ПРЕДМЕТ: Достава на Записник од работна средба на четирите Апелациони судови на РМ од 28-29 јуни 2018 година

Во прилог Ви доставуваме Записник од работната средба на преставници на Апелационите судови и Врховниот суд на Р. Македонија за хармонизациија на судска практика одржана на 28-29.06.2018 година во хотел Изгрев Струга, организиран од Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев и Центарот за правни истражувања и анализи.

Претседател на судот,
Наке Георгиев

АПЕЛАЦИОНЕН СУД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Ш Т И П

**ЗАПИСНИК**

Од работната средба на преставници на Апелационите судови: Скопје Битола, Гостивар и Штип и Врховен суд на РМ за хармонизација на судската практика одржан на 28-29.06.2018 година во хотел Изгрев Струга организиран од Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев и Центарот за правни истражувања и анализи.

Работна средба започна на 28.06.2018 година со почеток во 13.00 часот.

На оваа средба беа присутни следните учесници:

Од Врховен суд на РМ, судиите Мирјана Радевска Стефкова и Николчо Николовски, Рахилка Стојановска и Весна Андоновска, самостоен судски советник.

Од Апелационен суд Штип, судиите Наќе Георгиев, Корнелија Давчева, Сузана Здравева и Тони Делев.

Од Апелационен суд Скопје, судиите Сафет Кадрии, Катерина Георгиевска, Јованка Никодиноска и Ќенанзија Мехмед.

Од Апелационен суд Битола, судиите Елизабета Манели Ташевска, Љиљана Чочковска, Ружица Ивановска, Татјана Сусулеска и Лиле Наумовска.

Од Апелационен суд Гостивар, судиите Шефајет Хајдари, Абдулбари Рамадани, Велко Страшевски, Рафиз Идризи и Беким Мехмеди.

Поздравно обраќање на работната средба имаше Наќе Георгиев – Претседател на Апелационен суд Штип. Потоа се обрати г-дин Жарко Хаџи- Зафиров од Центарот за правни истражувања и анализи кој што во своето обраќање предложи промена на предлог програмата на начин што истата да се дополни со изложување на апликацијата за водење на судската практика во Апелационен суд Битола. Предлогот беше ставен на усвојување и истиот се прифати од присутните учесници на работната средба.

Свое излагање за апликацијата за водење на судската пракса при Апелационен суд Битола имаше информатичарот од Апелационен суд Битола, како и Претседателот на советот за судска пракса судија Татјана Сусулеска и Претседателот на Апелационен суд Битола Елизабета Манели Ташевска.

Потоа се премина кон реализација на останатиот дел од програмата. Присутните учесници се поделија по работни групи со цел разгледување на правни прашања од граѓанска и кривична област кој што се состоше од презентација и дискусија по поднесени правни прашања од кривична и граѓанска област, усогласување на ставовите за правни прашања, изготвување на нацрт заклучоци, презентирање на заклучоците постигнати во работните групи, разгледување на други прашања од значење за воедначување на судската пракса, референтни одлуки од граѓанска и кривична област.

I

Работната група за правни прашања од граѓанска област, беше составена од преставници на Врховен суд на РМ судиите Мирјана Радевска Стефкова и Николчо Николовски, од Апелационен суд Штип судиите Наќе Георгиев и Сузана Здравева, од Апелационен суд Скопје, судиите Катерина Георгиевска, Јованка Никодиноска, Ќенанзија Мехмед, од Апелационен суд Битола судиите Татјана Сусулеска и Лиле Наумовска и од Апелационен суд Гостивар судиите Велко Страшевски, Рафиз Идризи и Беким Мехмеди.

Модератор за граѓанска област беше Наќе Георѓиев, Претседател на Апелационен суд Штип.

На работната група се разгледуваат следните прашања:

**1. Дали во случај кога странките достават различни вештачења, судот може во смисла, а чл.246 ст.2 од ЗПП да определи супер вештачење.**

**2. Дали судот може да прифати за доказ и да ја заснива својата одлука врз основа на вештачење изготвено од вешто лице чија линценца со време траење од 5 години (од 12/2011 до 12.2016 ) во моментот на вештачењето (5/2017 година) била истечена, но истото се уште е запишано во регистарот на вештаци.**

**3. Доколку е изјавен приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог, до која фаза на постапката приговорот може да се отфрли доколку не е составен согласно чл.68 ст.2 од Законот за нотаријат.**

**4. Дали трошоците направени за рочиштето за објавување на пресудата се потребни трошоци во смисла на чл.149 од ЗПП.**

**5. Од кога прибавувачот на кого врз основа на правосилна пресуда му е исплатен паричен надоместок на нематеријална штета, за повреда на личните права на телесно и душевно здравје, ќе се смета за несовесен. При постоење на правосилна пресуда врз основа на која е исплатен надоместокот, дали тој ќе се смета за несовесен прибавувач доколку по исплатата му е доставен вонреден правен лек поднесен од должникот по правосилната пресуда, а потоа и одлука со која е преиначена пресудата врз основа на која е извршена исплатата и тужбеното барање е одбиено како неосновано.**

**6. Од кога се засметува рокот на застареност во постапките каде Фондот за ПИОМ бара враќање на исплатените средства во случај кога правото е утврдено со решение, а со друго решение е укинато тоа право и тоа ретроактивно. Дали рокот за застареност ќе се засметува пет години station наназад од поднесување на тужбата или**

**пет години наназад од правосилноста на решението со кое е укинато правото.**

**7. Кога разлачниот доверител дали изјава дека своето побарување ќе го намирува во стечај, дали трошоците за реализација на разлачното право и наградата на стечајниот управник паѓаат на терет на стечајната маса или тие трошоци ги сноси разлачниот доверител?**

1. По однос на првото прашање поставено од Апелационен суд Штип, Претседателот на Апелационен суд Штип Наќе Георгиев го презентираше правното прашање. Потоа преставниците од Апелационите судови ги изнесоа своите заклучоци по ова правно прашање утврдени на граѓанските оддели во своите судови, па потоа изнесоа свои размислувања преставниците од Врховен суд на РМ. Се отвори дискусија по ова правно прашање.

Преставниците на Апелационите судови и Врховен суд на РМ, во своите излагања се усогласија дека, кога вештачењето е извршено од страна на вештаци кои се определени од странките, а суштински се разликуваат, а не можат да се усогласат, судот може да определи супер вештачење иако наредбата за вештачење не била дадена од страна на судот.

Во прилог без искажани потребите од определување на супер вештачење од страна на судот бидејќи од судската пракса произлегува дека тужителот доставува вештачење со тужба, тужениот со одговор на тужба кои вештачења се спротиставени и не можат да се усогласат помеѓу себе вештите лица, па се појавува потреба од супер вештачење од страна на судот.

Притоа се донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**Во случај кога странките доставуваат различни вештачења, а не можат да се усогласат вештите лица, судот може да определи супер вештачење, иако нема наредба од страна на судот, согласно чл.246 ст.2 од ЗПП.**

2. По однос на второто прашање поставено од Апелационен суд Штип, Претседателот на Апелационен суд Штип Наќе Георгиев го презентираше правното прашање. Потоа преставниците од Апелационите судови ги изнесоа своите заклучоци по ова правно прашање утврдени на граѓанските оддели во своите судови, свое размислување изнесоа и преставниците од Врховен суд на РМ.

Преставниците на Апелационите судови и Врховен суд на РМ, во своите излагања се усогласија дека судовите мора да постапуваат по предметите, да ги користат вештаците на кои лиценцата им е истечена, а сеуште се запишани во Регистарот на вешти лица, а не се бришани од

регистарот согласно чл.236 од ЗПП. Фактот што Министерството за правда во соодветна постапка не овозможил полагање на стручен испит, не може да биде на штета на странките и на судот.

Притоа се донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**Судот може да прифати за доказ и да ја заснова својата одлука врз основа на вештачење изготвено од вешто лице чија лиценца за времетраење од 5 години во моментот на вештачењето била истечена, но истиот се уште е запишан во Регистарот на вешти лица.**

3. По однос на третото прашање поставено од Апелационен суд Штип, Претседателот на Апелационен суд Штип Наќе Георгиев го презентираше правното прашање. Потоа преставниците од Апелационите судови ги изнесоа своите заклучоци по ова правно прашање утврдени на граѓанските оддели во своите судови, свое размислување изнесоа и преставниците од Врховен суд на РМ. Се отвори дискусија по ова правно прашање.

Преставник на Апелационен суд Битола, судијата Лиле Наумовска изјави дека доколку приговорот против решението на нотар не е поднесен од адвокат, приговорот може да се отфрли како недозволен само во постапка во претходно испитување на тужбата.

Преставник на Апелационен суд Гостивар, судијата Рафиз Идризи изјави дека приговорот може да биде поднесен со одговор на приговорот, а ако се реагира на подготвителното рочиште и се впушти во расправа и тогаш може судот приговорот да го отфрли. Истиот изјави дека во подоцнежна постапка доколку има ваков приговор истиот може да се отфрли. Доколку за прв пат во жалбена постапка се приговара на недозволеноста на приговорот и во оваа фаза приговорот може да се отфрли како недозволен.

Преставник на Апелационен суд Скопје од граѓански оддел, судија Катерина Георгиевска изјави дека приговор може да се поднесе во текот на целата постапка бидејќи станува збор за императивна норма согласно чл.68 ст.2 од Законот за нотаријат. Исто така, изјавија дека судот во текот на целата постапка на ова внимава по службена должност и ова не може да се поистоветува со Законот за парнична постапка во однос на претходно испитување на тужба.Преставник на Апелационен суд Скопје од трговски оддел, судија Јованка Никодиновска изјави дека ваков приговор може да се поднесе до почетокот на главната расправа согласно чл.282 ст.3 од ЗПП.

Преставник на Врховен суд Скопје, судија Николчо Николов изјави дека ова прашање го немаат разгледувано, немаат заземено став меѓутоа негово лично мислење е дека приговор може да се поднесе во секоја фаза на постапката имајќи во предвид дека станува збор за примена на императивна норма од чл.68 ст.2 од Законот за нотаријат.

Преставник на Врховен суд, судија Мирјана Стефковска Радевска изјави дека ова прашање веќе е поставено како прашање во Врховен

суд, меѓутоа по истото сеуште нема одржано седница и немаат донесено конечен заклучок.

По дискусиите присутните преставници се услогласија во ставовите за ова правно прашање и го утврдија следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**Доколку е изјавен приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог, во секоја фаза на постапката приговорот може да се отфрли доколку не е составен согласно чл.68 ст.2 од Законот за нотаријат.**

**Овој заклучок ќе се применува се додека Врховен суд не се прознесе по истиот.**

4. По однос на четвртото прашање поставено од Апелационен суд Битола, Претседателот на Апелационен суд Штип Наќе Георгиев го замоли преставникот на Апелационен суд Битола да го презентира ова прашање. Апелационен суд Битола на граѓански оддел донеле заклучок дека овие трошоци се потребни и дека доколку е присутен адвокатот на објава на пресуда на истиот му следуваат.

Преставник на Апелационен суд Гостивар се приклучи кон мислењето на Апелационен суд Битола.

Преставниците на Апелационен суд Скопје изјавија дека завзеле став дека овие трошоци согласно чл.149 од ЗПП, не спаѓаат во трошоците кои што биле потребни за водење на парницата.

Претседателот на Апелационен суд Штип изјави дека на седницата на граѓански оддел е донесен заклучок кој што заклучок е идентичен со Апелационен суд Скопје. При излагањето додаде дека во споровите од мала вредност обврска на судот е пресудата да се објавува веднаш по заклучувањето на главната расправа (согласно чл.437 од ЗПП). Исто така, согласно чл.324 ст.3 и 4 од ЗПП пресудата се донесува и објавува веднаш по заклучувањето на главната расправа на записник, освен во посложените предмети судот може да закаже рочиште за објава на пресуда, од што произлегува дека овие трошоци не се потребни за водење на постапката.

По изнесувањето на ставовите на Апелациониот суд се констатира дека по ова прашање мислењата беа поделени при што се донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**Правното прашање, дали трошоците направени за рочиштето за објавување на пресудата се потребни трошоци во смисла на чл.149 од ЗПП, да се достави до Врховен суд на РМ, да се произнесе по истото.**

5. По однос на петтото прашање поставено од Апелационен суд Скопје, Претседателот на Апелационен суд Штип го замоли преставникот на Апелационен суд Скопје да го презентира ова прашање.

По презентирањето и дискусијата на ова прашање помеѓу преставниците на Апелационите судови и Врховен суд се констатира дека по ова прашање е разгледувано само во однос на совесноста на прибавувачот, а не е разгледувано и прашањето дали има право да бара враќање на досудениот износ, согласно чл.205 од ЗОО.

Поради тоа се донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**Апелациониот суд Скопје да го дополни ова прашање и во однос дали треба да се враќа или не досудениот износ согласно чл.205 од ЗОО и да биде доставено и разгледувано за наредна средба.**

6. По однос на шестото прашање поставено од Апелационен суд Скопје,, Претседателот на Апелационен суд Штип го замоли преставникот на Апелационен суд Скопје да го презентира ова прашање.

Преставник на Апелационен суд Битола изјави дека рокот на застареност започнува да тече од моментот на поднесување на тужбата но откако е донесено решението со кое е укинато правото потребно е износот за целиот период за кој е укинато да се собере и на вкупниот износ да се бара враќање.

Преставник на Апелационен суд Скопје како и преставниците на Врховен суд на РМ и Апелационите судови Гостивар и Штип се согласија дека рокот за застареност започнува да тече од поднесувањето на тужбата но само за период од 5 години наназад.

Во врска со ова прашање се донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**Рокот на застареност, се засметува пет години наназад од поднесувањето на тужбата, во постапките каде Фондот за ПИОМ бара враќање на исплатените средства во случај кога правото е утврдено со решение, а со друго решение е укинато тоа право и тоа ретроактивно.**

7. По однос на седмото прашање поставено од Апелационен суд Скопје, Претседателот на Апелационен суд Штип го замоли преставникот на Апелационен суд Скопје судијата Јованка Никодиновска да го презентира правното прашање.

По презентирањето на правното прашање, се отвори дискусија но не се изгради единствен став по ова прашање туку се донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**Правното прашање да се достави до Врховен суд на РМ и на истото да му се даде приоритет имајќи ја во предвид итноста на предметите од овој вид.**

До Судскиот совет на РМ имало доставено ургенција-известување од страна на Република Македонија - Јавно претпријатие за државни патишта дека на територијатата на РМ во тек биле повеќе проекти за изградба, рехабилитација и реконструкција на јавни патишта што претставува реализација на јавен интерес за потребите на граѓаните во РМ. Постапките за надомест на експроприран имот се во тек и секојдневно се донесувале одлуки-решенија за надомест на експроприрана недвижност. Меѓутоа начинот на кој се спроведувале постапките во одредени судови се разликуваат во однос на определувањето на висината на надоместокот и секојдневно биле изложени на плаќање на високи надоместоци на експроприрана недвижност и високи парични трошоци

Ова ургенција –известување било доставено до Апелационите судови од Судски совет на РМ и е побарано на оваа работна средба да се расправа, а со цел воедначување на судската пракса при определување на висината на надомест за експроприрана недвижност, а имајќи ја во предвид итноста на овој вид на предмети се прифати предлогот да се расправа и по ова прашање.

По ова прашање се отвори дискусија за досегашниот начин на определувањето на висината на надоместокот за експроприраната недвижност во судовите.

Преставниците на Апелационите судови изјавија дека предлагачот РМ - Јавно претпријатие за државни патишта доставува процена за висината на надоместокот за експроприрана недвижност, но во фаза на управна постапка и со странката не е постигната спогодба поради што предметот е доставен до надлежен суд за определување на надомест за определување на надоместок за експроприраната недвижност.

Противникот доставува вештачење со кое што висината на надоместокот е различна од висината на надоместокот утврден од страна на предлагачот.

При определувањето на надоместоци за експроприрана недвижност, Основните и Апелационите судови да внимаваат на начинот на кој ја опредлуваат висината на надоместокот, при што да не се разликуваат во начинот кога ја определуваат висината на надоместокот за ист вид на недвижност.

Во тој случај, преставниците на судовите се договорија и го донесоа следниот

## ЗАКЛУЧОК

**Основните и Апелационите судови во постапките за определувањето на надоместокот за експропријација да постапуваат итно, согласно чл.244 од ЗВП.**

**При определување на надоместокот судот да ги применува одредбите од чл.245 и чл.246 од ЗВП, а особено да има активен однос и тој да определува вештачење во случаите каде има потреба и вештачењето да биде извршено согласно Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот.**

**Основица за пресметување на трошоците во оваа постапка да биде 7.000,оо денари согласно Тарифата за награда и надоместоци за трошоци за работа на адвокатите, основица за пресметка на трошоците.**

Во однос на Референтни одлуки од граѓанска област, Апелационен суд Гостивар ја истакна потребата да се расправа за одлуки од областа на работни односи посебно при примената на чл.46 ст.1 и 3 од ЗРО, дали при трансформирањето на работниот однос од определено на неопределно работно време доколку работникот има работен однос на определено време повеќе од 5 години, дали покрај овој услов потребно е да бидат обезбедени и средства за финансирање за тоа работно место.

Апелационен суд Скопје од граѓанска област ја истакна потребата од расправање и по одлуки и тужби за клевета изречена преку електронските медиуми. Дали медиумот одговара за клевета имајќи го во предвид дека со измените на Законот за медиуми од 2014 година, сопственикот на електронски медиум не одговара и не е ставен како медиум.

За овие прашања се донесе Заклучок бидејќи истите не се разгледувани на оддели на Апелационите судови да бидат поставени како прашања за наредна средба.

II

Работната група за правни прашања од кривична област, беше составена од преставници на Врховен суд на РМ судија Рахилка Стојановска, од Апелационен суд Штип судиите Корнелија Давчева и Тони Делев, од Апелационен суд Скопје судија Сафет Кадрии, од Апелационен суд Битола судиите Елизабета Манели Ташевска, Љиљана Чочковска и Ружица Ивановска, од Апелационен суд Гостивар судиите Шефајет Хајдари и Абдулбари Рамадани.

Модератор за кривична област беше Корнелија Давчева судија на Апелационен суд Штип.

На работната средба од кривичната област беа разгледани правни прашања и се донесени следните:

**Прашање бр. 1 – Поставено од Апелационен суд Битола.**

Во случај кога постапката се води против повеке сообвинети, а во текот на истата за некои од нив постапката правосилно завршила, дали

сега осудените лица  во понатмошниот тек на постапката можат повторно да бидат распрашани, на чии предлог, во какво својство, какви опомени ке им се дадат, дали како на обвинети или како на сведоци.

**ЗАКЛУЧОК**

**Ако се води постапка против повеке сообвинети, во текот на постапката за некои од нив постапката правосилно завршила, сега осудените лица можат во понатамошниот тек на постапката повторно да бидат распрашани, на предлог од странките во постапката, во својство на свидетели и така во такво својство ке бидат и опоменати, согласно одредбите од ЗКП, за сослушување на сведоци, чл. 384 и чл. 386 од ЗКП – Сл.весник на РМ бр. 150/10. Но, иако за осудените лица нема законски пречки во понатамошниот тек на постапката да бидата сослушани како свидетели, само на нивните искази како свидетели не може да се заснива фактичката состојба утврдена од првостепениот суд, туку првостепениот суд треба да изведува и други докази на главната расправа, во поткрепа на решителните факти прифатени од првостепениот суд за кривично правниот настан, така што исказот на осудените лица сослушани како свидетели не е доволен само на истиот исказ како доказ да се заснива фактичката состојба утврдена од првостепениот суд.**

**Прашање бр. 2- Поставено од Апелационен суд Скопје.**

Во случај кога во време на извршувањето на кривичното дело и во време на пресудувањето пред првостепениот суд, бил во важност Законот за одредување на видот и одмерувањето на висината на казната, кој бил применет при одмерувањето на казната од страна на првостепениот суд, дали во постапката пред Апелациониот суд, ке се примени Законот за одредување на видот и одмерувањето на висината на казната во смисла на законската одредба од чл. 3 ст.2 од КЗ и чл. 39 ст.3 од КЗ, по однос на одмерувањето на казната, како поблаг закон за сторителот за конкретниот кривично правен настан, во ситуација кога Уставниот суд на РМ донел одлука зо која се укинува Законот за одредување на видот и одмерувањето на висината на казната – Сл.весник бр. 199/14.

**ЗАКЛУЧОК**

**Во постапката пред Апелационен суд како второстоепен суд, не може да се примени Законот за одредување на видот и висината на казната, од причини што овој закон веке е укинат во времето кога се води постапка пред Апелационен суд.**

**Во конкетниот случај, во постапката пред Апелационен суд се применуваат одредбите од КЗ, за одредување на видот на кривичната санкција и нејзината висина, во смисла на оценка на отежнителните и олеснителните околности за одмерување на**

**казната во смисла на чл. 39 ст.3 од КЗ. При тоа, Апелациониот суд цени земајки ги во предвид сите отежнителни и олеснителни околности, дали одмерената казна од првостепенот суд одговара на тежината на стореното кривично дело и степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, дали спрема обвинетиот треба да се изрече односно одмери поблага казна, се разбира во рамките на предвидената казна со одредбите од КЗ, за кривичното дело за кое обвинетиот е огласен за виновен.**

**Прашање бр. 3-Поставено од Апелационен суд Штип.**

Дали осуденото лице има право да поднесе барање за условен отпуст иако при поднесувањето на барањето за условен отпуст не се наога во КП Установата, за доиздржување на казната затвор изречена со првостепената пресуда по повторувањето на кривичната постапка против осуденото лице кога е одмерена иста казна со првостепената пресуда како со пресудата донесена пред повторувањето на постапката.

**ЗАКЛУЧОК**

**Осуденото лице не може да поднесе барање за условен отпуст доколку не ги исполнува формално – правните услови од чл. 36 од КЗ, кои се однесуваат на времето кое осуденото лице треба да го помине на издржување на казната, кое време изнесува ½ по правило, а по исклучок 1/3 од казната. Во колку осуденото лилце не се наога во КП Установата на издржување на казната затвор, има право да поднесе барање за условен отпуст доколку за тоа се исполнети законските услови во смисла на чл. 36 од КЗ, без оглед дали осуденото лице во време на поднесувањето на барањето за условен отпуст се наога во КП Установата или не на издржување на казната затвор.**

**Прашање бр. 4- Поставено од Апелационен суд Штип.**

Дали амнестираниот дел од казната затвор, може да се смета како издржан дел од казната на осуденото лице, при утврдување на постоењето на законските услови за условен отпуст во смисла на чл. 36 од КЗ, заради поднесување на молба за условен отпуст.

**ЗАКЛУЧОК**

**Амнестираниот дел од казната затвор, не влегува во рамките на издржаниот дел од казната, не може да се смета како издржан дел од казната на осуденото лице, при утврдувањето на постоењето на законските услови за условен отпуст во смисла на чл. 36 ст.2 од КЗ заради поднесување на молба за условен отпуст.**

По завршувањето на работата по групи, се одржа заедничка состанок со сите учесници на работната средба и притоа се донесе

**ЗАКЛУЧОК**

Правните прашања и заклучоци од ова работна средба да бидат доставени до Врховен суд на РМ, Апелациони судови, а преку Апелационите судови до Основните судови.

Завршено на 29.06.2018 година во 13.00 часот

АПЕЛАЦИОНЕН СУД - ШТИП

Претседател на Апелационен суд Штип
Наќе Георѓиев